# МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ И ИТАЛИЈА

# ARTISTI MACEDONI E L'ITALIA

# МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ И ИТАЛИЈА
# ARTISTI MACEDONI E L'ITALIA

Изложбата е реализирана во соработка со Италијанскиот Културен центар на Р. Македонија и Амбасадата на Италија во Скопје

La mostra è realizzata in collaborazione con il Centro Culturale Italiano della Republika di Macedonia e Ambasciata d' Italia à Skopje

# МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ И ИТАЛИЈА
# ARTISTI MACEDONI E L'ITALIA

КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ 21.06. - 7.07. 2001

CENTRO CURTURALE E D' INFORMAZIONE - SKOPJE 21.06 - 7.07.2001

# ВОВЕД

И оваа година Амбасадата на Италија во Скопје придонесува - во оваа пригода со Културно-информативниот центар - Скопје и Италијанскиот културен центар на Р. Македонија - во организирањето на една сликарска изложба, која оваа година опфаќа македонски сликари кои можеле да користат студиски стипендии на Италијанската влада или соработката на институции или италијански уметници.

Дванаесетте сликари кои учествуваат во оваа групна изложба, претставуваат една селекција од оние што имаат претстојувано во еден повеќе или помалку долг период, одбирајќи градови кои на полето на светската култура заземаат едно доминантно место.Рим, Равена, Болоња, Венеција, Капри, ги прифатија овие уметници кои во текот на дваесетиот век го беа обележиле уметничкиот израз на Македонија.

Денес Италијанската амбасада продолжува, во соработка со различни уметници асоцијации и културни установи било локални било италијански, да поканува млади македонци - при што постојано е присутно учеството на македонците на најзначајните манифестации во Италија, како на пример Биеналето во Венеција - сведоштво за постојаниот однос на блискост меѓу двете култури, кои ако Виа Игнација се потврди спротиставувајќи ги традициите на двата народа, денес Европската унија повеќе од кога придонесува да цутат активностите на размена во кое и да е поле на културниот израз и на кое и да е ниво, било тоа институцијално или приватно.

*Амбасадата на Италија во Скопје*

# INTRODUZIONE

*Anche quest'anno l'Ambasciata d'Italia a Skopje contribuisce – in questa occasione con il* Centro Culturale *e d'Informazione di Skopje – all'organizzazione di una mostra di pittura riguardante pittori macedoni che hanno usufruito di borse di studio del Governo italiano o della collaborazione di Istituti o artisti italiani.*

*I dodici pittori che partecipano a questa collettiva, costituiscono una selezione di quelli che hanno riseduto in Italia per un periodo più o meno lungo, scegliendo città che nel campo della cultura mondiale occupano un posto predominante. Roma, Ravenna, Bologna, Venezia, Capri, hanno ospitato questi artisti che nell'arco di tutto il XX secolo hanno caratterizzato l'espressione artistica della Macedonia.*

*L'Ambasciata d'Italia, in collaborazione con vari artisti, Associazioni ed Istituzioni culturali sia locali che italiane, continua ad invitare giovani macedoni a testimonianza del continuo rapporto di vicinanza tra le due culture: rapporto affermato dalla via Aegnatia confrontando le tradizioni dei due popoli e oggi confermato dall'Unione Europea, che più che mai contribuisce a far fiorire attività di scambio in qualsiasi campo dell'espressione culturale ed a qualsiasi livello sia esso istituzionale che privato.*

*L'Ambasciata d'Italia a Skopje*

# МАЌЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ И ИТАЛИЈА

## ВОВЕДНИ УКАЖУВАЊА

Во долговековното владеење на римската империја на балканскиот простор Македонија и Италија биле поврзани во сите области на животот. Низа впечатливи уметнички остварувања поврзани со тој античен римски свет, а настанати на македонска територија, се всушност заедничко културно наследство на двете земји.

Во 20.век македонско-италијанските врски во областа на ликовната уметност почнаа да се развиваат пред Втората светска војна. Тогаш неколку први македонски уметници се запознаваа и со италијанската уметност. Така Никола Мартиноски (1903-1973) при својот студиски престој во Париз (1927-1928) виде и дела на Амедео Модилјани, кои забележливо го поттикнаа неговото последно творештво. По 1945 година, поточно почнувајќи од шестата деценија, во Македонија видно се зголеми интересот за Италија и нејзината уметност. Повеќе македонски уметници патуваа во оваа земја, а посебно за да го посетат Биеналето на ликовна уметност во Венеција. Во Скопје во 1956 година беше прикажана голема изложба на модерната италијанска уметност, која го поттикна развојот на модерните ликовни правци во Македонија, а по неа беше прикажана и изложба на копии на мозаици од Равена. Од почетокот на седмата деценија повеќе македонски уметници самостојно или групно изложуваа во Италија, а во Рим, Равена и Венеција се усовршуваа на нејзините реномирани академии за ликовна уметност или на установи специјализирани за одделни ликовни техники и реставраторски постапки: тука претходно доаѓале за иста цел уметници од целиот свет. Во овие градови е присутно и влијанието на византиската уметност. Така познатиот австриски сликар Густав Климт (1862-1918) откако во Равена ги проучи рановизантиските мозаици (5-6 век) создаде слики инспирирани со овој ликовен идиом:тие беа една од инспирациите на македонскиот сликар Димитар Кондовски. Поттикнати од античките мозаични комплекси во Македонија,Кондовски и други македонски современи уметници посакаа да ја освојат мозаичната техника, особено за свои монументални остварувања: при тоа тие се користеа и со италијански искуства.

Студиските престои или живеењето во Италија им овозможи на македонските уметници потемелно да се запознаат и со нејзината понова уметност. Во неа во 20. век се беа оформиле некои од авангардните ликовни правци: футуризмот и метафизичкото сликарство, пред Втората светска војна;а од крајот на шестата деценија

наваму се пројавија сиромашната уметност, поп артот, новата апстракција и трансавангардата, значајни за сета современа уметност во Европа, вклучително и за македонската. Италијанската и македонската уметност ги доближува и медитеранскиот контекст во кои тие се создаваат. Така Акиле Бонито Олива (во: "Минималиа",1998 и 1999) подвлекува: "Може да се идентификува медитеранска и космополитиска линија што се провлекува низ италијанската уметност од историските авангардни движења до нивните последни појави, значи од футуризмот до трансавангардата и е способна да ја претстави модерноста без припаѓање на северноевропски и американски модели" .А за сродни импликации на медитеранскиот творечки трезор во македонската уметност на 20. век, пишував јас и други мои колеги во Македонија. Во овој период низа македонски уметници настапија и на неколку италијански меѓународни ликовни манифестации, вклучително и на Биеналето во Венеција (1978, 1993,1997, 2001).

Но на оваа изложба се вклучени само македонски уметници кои се усовршувале или живееле во Италија и кои биле постојано активни како ликовни творци: некои од нив не прифатија да учествуваат во овој избор . Со нејзиниот камерен состав изложбата е непретенциозно потсетување на творечкиот профил на македонските автори што биле во контакт со италијанскиот уметнички амбиент.Сите тие се автори со високи изведбени стандарди, со култивирани ликовни дискурси, во која и да е форма на нивното ликовно изразување. На изложбата тие се застапени со дела одбрани според различни критериуми: некогаш тоа се творби остварени токму при нивниот престој во Италија, другпат тоа се карактеристични реализации од нивниот "поститалијански" развој.

## МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ КОИ СЕ УСОВРШУВАЛЕ НА ИТАЛИЈАНСКИ ШКОЛИ И АКАДЕМИИ

### Во Рим

Димитар Кондовски (1927-1993), еден од најистакнатите творци во македонското ликовно творештво на 20. Век, ја проучуваше сета уметност и на тие сознанија ја градеше својата завидна визуелна култура: одделно беше привлечен од византиската уметност и од оние појави во модерната уметност во кои се вградени спиритуални и апстрактни сликарски стремежи, а и од сликарството на Италијанецот Амедео Модилјани. Пред да замине на усовршување во Рим (1961/62) со стипендија на италијанската влада, Кондовски сликаше мотиви и фигури со геометриски стилизирани форми, доближени до сецесионистичкото и симболистичкото сликарство и византиската ликовна естетика. Во Рим тој одделно ги проучуваше техниките на мозаикот и на ѕидното сликарство, пред се на Државниот институт за уметност( Istituto statale d'arte di Roma). Но суштествено е дека во "вечниот град" Кондовски целосно ја осмисли својата релација со византиската и ориенталната уметност. Тука тој приреди и своја самостојна изложба (1962), во која веќе се насети специфична тенденција во неговото творештво.Од неа произлезе сложената поетика на Кондовски: сликаше иконовидни состави во кои минуциозно усогласуваше ликовни елементи од византискиот иконопис и модели од геометриската апстракција, ориенталната декоративна уметност и фолклорот. Ваквите "апстрактни иконив често потсетуваат на свечени, култни и симболични творби ("Мал портален триптих", 1978): нивниот ликовен дискурс Кондовски го примени и во неколку монументални остварувања.

Како стипедист на италијанската влада со угледната римска Академија за убавите уметности (Accademia di Belle Arti) прв се поврза сликарот Танас Луловски-Тане: при петмесечниот престој (1970-1971) тој бил во формален

контакт со професорот Џузепе Монтанари и асистентот Троти, а понепосредно бил поврзан и ги следел нејзините активности, со Националната галерија на модерната уметност (Galleria Nazionale d'Arte Moderna). Уметничката атмосфера на Рим го поттикна Луловски кон нови уметнички потраги. Неговите апстрактни дела зачнати во Италија, а особено создадените по враќањето во Македонија, се совпаѓаат со италијанската нова, минимална или аналитичка апстракција, која се темели на импликации од концептуалната уметност. И изложените слики ("Траги" и "Меѓи" 1972) на Луловски се изведени со рационални, минималистички процедури: неговите понекогаш безбојни сликарски "пустини" (каде просторот и бојата се внимателно усогласени ) содржат дискретни (некогаш геометриски прецизни) ликовни компоненти.Визуелната "скржавост" на овие дела се стреми кон спиритуална пречистенест и интегритет, кон ликовна поетика што е родствена на јапонската хаику-поезија.

Сликарот Нове Франговски прво создаваше експресивно обликувана фигурација. Наредната тенденција кон редукција на обликуваните форми,уметникот ја доразви при својот студиски престој на римската Академија за убавите уметности (1972/73): тука Франговски беше во контакт со професорот Монтанари, кој сакаше да го задржи за асистент на оваа установа. На самостојната изложба во Рим (1973, за која јас напишав еден од предговорите), Франговски претстави слики во кои фигури, предмети, урбани амбиенти,веќе беа сведени на прегледни геометризирани структури, со чисти, звучни бои што се во сооднос со светлите заднини. Оваа постапка уметникот ја продлабочи во Македонија, а потоа создаде грижливо изведени хиперреалистички творби. Во деведесеттите години, Франговски решително се пренасочи кон импулсивни нонфигуративни преобразби на факти од природата. Овој пантеистички порив, Франговски го разви во гестуално искажување, при што со ваков апстрактен неоекспресионизам, тој искажа и сложени симболични пораки:своето современо и неконвенционално ликовно однесување кон сферите на сакралното и на спиритуалното,уметникот порано го изрази во сликата "Крстот", а посредно и во двете тука изложени дела.

Сликарот и реставраторот Вано Петров како стипендист на Министерство за културни и амбиентални добра (Ministero dei beni culturali e ambientali), речиси две години (1977-78) се обучуваше во ликовни техники и реставраторски зафати на Централниот институт за реставрација (Istituto centrale del restauro). Петров многустрано го освојуваше римскиот школски и уметнички амбиент, а како сликар го пресоздаде (со академски постапки или во симболично и фантастично замислена фигурација) во слики, цртежи и акварели: тоа се низа римски ведути; мотиви каде историското минато (од антички времиња до денес) е внесено во симболични или алегориски сцени; измечтаени или носталгични состави. Нив уметникот ги претстави на самостојна изложба и во Рим (1978), меѓу кои беа и двете сега изложени слики: "Колосеум", симболично-фантастична евокација на гладијаторските борби во него и "Св. Кирил во разговор со Папата", авторовата "класично" сликана визија за приемот на просветителската мисија на Св Кирил од римскиот понтифекс максимус во далечниот деветти век. Последниот развој на Петров е исполнет и со големи потфати во монументалното сликарство (на пример фреските во Соборниот храм Св. Кирил и Методиј во Скопје, изведени во крајот на деветата деценија).

Виолета Чауле е уметница образована во две големи европски ликовни средини, париската и римската. Таа прво го применуваше драматичниот и експресивен исказ во надреалистичко-метафорични состави: такви цртежи и слики Чауле претстави и на самостојната изложба во Фиренца (Галерија "Парионе", 1976), односно на крајот на студискиот престој во Рим (1975-76) на Академијата за убавите уметност (професор Франко Џентилини). Потоа (од крајот на осмата деценија) постепено се насочи (во графики и слики) кон промислена ликовна транспозиција на урбаниот и технолошки контекст на денешната цивилизација. Овој концепт Чауле го доразви во последната деценија. Сега, со современ ликовен сензибилитет, своите мотиви ги обработуваше сообразно со големите ликовни појави на 20. век: пред се, со геометриската апстракција и поп артот,при што ги освојуваше поетиките на некои врвни сликари на изминатото столетие. Спроведувајќи рафинирана анализа,своите релации со амбиентот на

современиот град Чауле ги "преустројува" во синтетични, жизнерадосни состави од светло обоени, геометриски грижливо изведени парцели. Вакви нејзини творби неколкупати се прикажани на Мајскиот салон во Париз .

Сликарот Сергеј Андреевски е занесен со прадревни (можеби митски) пориви, но кои ги открива во појавите на секојдневната егзистенција на сето она што живее. Уметникот престојуваше во Рим (1987-88) како стипендист на Националната галерија на модерната уметност; ја посетуваше и Академијата за убавите уметности, се дружеше со италијански уметници: тогаш сѐуште бликаше неговиот интуитивен , "класичен" експресионизам, по кој Андреевски наскоро се насочи кон поетиката на апстрактниот експресионизам, а потоа и на неоекспресионизмот. Но покрај жестоките "извртувања" на мотивите (каде монструозното, анималното се преплетува со сенишни или гротескни преобразби на ѕверски и човечки форми), се јавуваат еуфорични, игриви талкања на цртежот и жизнерадосни, лефтерно нафрлени бои. Можното, фантастичното, митското се преплетуваат во состави со пантеистичка инспирација, кои и кога настануваат на други континенти творечки општат со македонското медитеранско подрачје.

### Во Болоња (и Рим)

Своето усовршување во Италија сликарката и графичарката Марија Светиева го започна во Болоња, каде (1990) како стипендист на Италијанската влада се усовршуваше во графички техники: но битно се вклучи во италијанскиот уметнички амбиент преку Рим. Тука таа во 1991 година стана член на Интернационалната асоцијација на графичарите од Рим (Associazione Internazionale dei grafici di Roma) и повеќе години живееше во овој град, со кој е поврзана се до денес. Во Рим Светиева дејствуваше како сликар и графичар, имаше свои самостојни изложби во него (1992 и 2001), а и во Виченца (1994), патуваше во други земји, а како новинар пишуваше на разни "италијански" теми итн. Својата уметничка поврзаност со Македонија, ја збогатува со релацијата со италијанската средина, изразена во нејзиниот стремеж за постојано култивирање на сопствениот ликовен дискурс. Светиева се инспирира од Хуан Миро, но и од некои аспекти на психоделичното сликарство и поп арт. Фантастичното и надреалистичкото формулирање на сферите на еросот и љубовните мечтаења, фината и затскриената иронија на своите гвашеви, графики, пастели итн., уметницата ги преобрази и во визии од детскиот (на нејзниот син Виктор) свет; но со истиот трепетлив, лефтерен, "наивистички" жизнерадосен цртачки и колористички јазик на нејзините графики, Светиева соумеа да евоцира реминисценции и на сакрални теми (јубилејот на две илјади години христијанство,најсвечено прославен токму во Италија).

### Во Равена

Ана Темкова е уметница со јасно профилирана физиономија, уште од нејзините ликовни почетоци во средината на седмата деценија. Оттогаш создава дела што искажуваат милозлив, неагресивен пристап кон животот. Во нејзините мртви природи, пејзажи, портрети итн, е вткаена приврзаност за старински опстановки, драги или скапоцени предмети; сето тоа е проткаено со носталгија за времето што минува: тоа се согледува и во нејзиното "италијанско" дело "Мермерна глава" (1969), со ренесансна инспирација и во маслото "Спомени" (од Италија, 1975), исполнето со густи реминисценции од Рим, од етруската уметност, со грижливо исликување на детали домашни и сакрални, под влијание на фреско сликарство. Внимателната обработка во сликите, графиките и цртежите, е уште понагласена во мозаиците на Темкова. Оваа техника (која таа ја засака во античките локалитети во Хераклеа и Рисан) уметницата ја проучуваше на Академијата за убавите уметности во Равена (1969),

каде доби неколку награди, а тука имаше и своја самостојна изложба. Релацијата со равенските рановизантиски мозаици и Италија Темкова ја внесе во низа слики-мозаици (на пример "Исус со деца", 1969) и ја подготви за нејзините монументални мозаични потфати во Скопје ("Фауна и флора", и "Розета", 1971, во кои е најнагласено влијанието од равенските мозаици; "Купел-крстилница", 1971; "Монети низ векови во Македонија", 1978) и Галичник ("Неда", 1982/84): во сите нив студиозно, со етнографска прилежност, се предадени традиционални градежни форми , облека, предмети.

И Газанфер Бајрам воспостави продлабочен однос со равенската ликовна ризница. Во Равена Бајрам дојде за првпат како стипендист на италијанската влада во 1980 година за да работи на тамошната Академија на убавите уметности: односно во Аулата за мозаик на професорот Паоло Ракањи, а и во Аулата за декорација-или за декоративна уметност.Со оглед дека во Македонија главно се застапени римските мозаични постапки, Бајрам нив темелно ги проучил и во текот на своите натамошни престои во Равена (1981, 1982, 1983).Тука настана и неговиот "Автопортрет" (мозаик, камен, венецијанска паста, 1982). Со грижлива раноренесансна постапка сопствената претстава Бајрам ја вообличил како светечки лик. Зад неа се изведени скржавите силуети на равенската црква Аве Марија и на низа птици, како алегорија на патувањето и "тагата за Југ". Во Македонија Бајрам создаде повеќе слики и објекти, во кои инвентивно комбинира разни стилски модели, мозаични и други материјали. Така во некои творби е изведена обмислена, колористички изнијансирана ликовна спрега на некогашни (византиски, ориентали) постапки - со логиката на современото апстрактно (неоенформелно) сликање. Оваа постапка Бајрам ја доразви во монументални творби, одделно во амбициозно замислениот мозаичен ансамбал од четири лачни сегменти поставени во Салата на собранието на Р. Македонија (декември 1999-февруари 2000). Мозаичните компоненти содржат детали од историјата на Македонија и нејзината државност, од богатството на флората и фауната, како и основните обележја на македонската култура (преку убедливо уметнички стилизирани елементи). Во две розети симболично се евоцирани ликови на Крале Марко и на Самоилов војник итн. Овие мозаици се изведени со италијански боени стакла и со камења од сите делови на Македонија.

**Во Венеција**

На Академијата за убавите уметности во овој град-музеј, досега се усовршуваа (1988-89) две млади македонски сликарки, Вана Урошевиќ и Нина Гештаковска (обете беа поврзани со професорот Борела - Borella).

Вана Урошевиќ е уметница која бескомпромисно се стреми нејзините дела да се кохерентни ликовни остварувања. Таа прво создаваше слики во кои тверечки се "справуваше" со моделите на фигуративниот симболизам и надреализам. Сите детали во сликите: портрет, фигура, предмет, животински претстави итн, Урошевиќ ги предаваше со мошне дотерана и култивирана цртачка и колористичка обработка и ги поставуваше во опстановки што градат, покрај реалниот, еден паралелен, измечтаен свет. Непосредното влијание од престојот во Венеција:тука уметницата изработи низа скици белешки поврзани со нејзините физички и уметнички прелести се искажа во уште поамбициозната изведбена стратегија на вакви нејзини дела. Потоа Урошевиќ разви продлабочена, модерна и разновидна обработка на текстилни материјали, пред сè на свилата. Општите одлики на овие дела на Урошевиќ (ги примени, во комбинација со други материјали и со мултимедијални ефекти и во неколку свои инсталации), е нејзината исклучителна почит кон материјалот и способноста да го преобрази во асоцијативни, алузивни, симболични или апстрактни состави.Инвентивните сугестии за изветвени, старински предмети или објекти што еманираа чувство за одминливоста на нештата, беа подвлечени со предимно темните бои на материјалите. Некои понови творби на Урошевиќ се замислени и изведени со поинаква физичка и

колористичка замисла. Врз свилата инвентивно и дискретно се исликани ефекти што личат на алузии за некои меридионални предели или на "старински" предмети: фината колористичка обработка (златести, кафеави, алови тонови) го подзасилува овој медитерански (венецијански ?) аспект на ваквите остварувања.

Двете изложени слики на Нина Гештаковска се создадени во Венеција: тие се поврзани со нејзиниот претходен развој, но се и своевидна сублимација на разновидни поттици од овој легендарен град што и таа творечки ги освојуваше; односно, ги живеела на интровертен и битно сликарски начин , ослободен од згорнични формули или од стремеж за допадливи ефекти. Мотивите на нејзините слики се обвиткани во притулена, квечеринска опстановка, истакаена од стемнети земјани, алови и други бои: со нив се предадени издолжените, експресивни фигури, изведени според маниристички и симболистички модели. Во нив (особено во "Пиета") се согледуваат модерно освоени искуства на венецијанското сликарство на 16. век (на Тицијан, можеби). Сето подоцнешно творештво на Гештаковска, се до најновите сочни, јарко обоени слики и монотипии создадени врз искуствата на апстрактниот експресинизам (блиски и до постапката на венецијанецот Емилио Ведова), се стремат кон рафинирана ликовна обработка, втемелена на нејзиниот деликатен колористички сензибилитет.

**На Капри**

Архитектот и сликарот Симеон Узунов е единствениот во оваа низа македонски уметници кој формално не се обучувал на некоја италијанска школска установа, но кому цела Италија му е долгодишна ликовна академија. Узунов веќе две децении поголем дел од годината живее на островот Капри, но не ги прекинува своите творечки врски со Македонија. Активно учествуваше во некои актуелни, неоконцептуални ликовни тенденции во македонската уметност (особено меѓу 1976- 1984). Узунов "шета" низ разни стилски модели, за да создаде и рутински портретни и пејзажни мотиви. Во Скопје пред некоја година беше подготвена негова своевидна ретроспектива. На оваа изложба Узунов е застапен со дела преку кои понепосредно е поврзан со италијанскиот амбиент, во кои е згуснат неговиот вљубенички однос кон атрактивниот италијански-медитерански амбиент во кој создава: глетки кои биле воспеани од поети и сликари во текот на вековите. Во овие свои нефигуративни слики Узунов непринудено го сублимирал своето интелектуално и ликовно медитирање за сончевите и милозливи предели на Капри. Неговиот "ракопис" што изведува разновидни знаци-интервенции во овие слики, пастелните слоевите на бои распослани по нив, го "каптирале" шармот на овие јужни предели, што можеме да го насетиме и во македонските крајезерски пространства.

*Д-р Борис Петковски*

# ARTISTI MACEDONI E L'ITALIA

E' notorio che sin dai tempi dell'impero romano la Macedonia e l'Italia hanno avuto contatti ad ogni livello ed in terra macedone sono state ritrovate opere d'arte collegate con quel periodo.

Iniziando la nostra analisi in tempi ben più recenti, si può dire che nel XX secolo, ancor prima della Seconda Guerra Mondiale, si sono sviluppate relazioni italo-macedoni nel settore culturale ed artisti macedoni si sono spesso incontrati con l'arte italiana.

Nikola Martinoski (1903-1973) durante la sua permanenza a Parigi, dal 1927 al 1928, ha convissuto con le espressioni artistiche di Amedeo Modigliani che hanno ispirato alcune sue creazioni.

Negli anni cinqanta, in Macedonia e' cresciuto l'interesse per l'Italia e le sue arti, ed artisti macedoni si sono recati in Italia, specialmente per visitare la Biennale d'arte di Venezia.
A Skopje nel 1956 e' stata presentata una grande mostra dell'arte italiana moderna, dopo la quale fu allestita anche una esposizione di alcune copie dei mosaici di Ravenna, che avevano ispirato lo sviluppo delle vie moderne dell'arte in Macedonia.

Dall'inizio degli anni 70, parecchi artisti macedoni hanno esposto le loro opere, in gruppo o singolarmente, in Italia; altri hanno approfittato di brevi o lunghi soggiorni di studio che hanno loro permesso di conoscere in maniera più approfondita l'arte italiana moderna.

In questo ultimo periodo artisti macedoni hanno partecipato ad alcune manifestazioni artistiche italiane di livello internazionale, specialmente alla Biennale di Venezia (1978, 1993, 1997, 2001) . A Roma, Ravenna e Venezia - città italiane dove e' presente l'influenza dell'arte bizantina - si sono perfezionati nelle Accademie d'Arte o presso Istituti specializzati in tecniche artistiche o nell'arte del restauro.
In Italia, precedentemente e per lo stesso motivo, erano arrivati artisti da tutto il mondo.
Cosi il pittore austriaco Gustavo Klimt (1862-1918), dopo aver studiano a Ravenna i mosaici bizantini (V-VI secolo), ha prodotto quadri ispirati a quella fonte artistica: in seguito la stessa ispirazione ha coinvolto anche il pittore macedone Dimitar Kondovski. Ispirati dagli antichi mosaici in Macedonia, Kondovski ed altri artisti macedoni contemporanei hanno deciso di praticare la tecnica mosaica, specialmente per le loro creazioni monumentali, partendo dalle esperienze italiane. I soggiorni di studio in Italia hanno permesso agli artisti macedoni di acquisire nuove conoscenze sull'arte italiana.

Nel XX secolo in Italia sono sorte alcune correnti artistiche avanzate - il futurismo, la pittura metafisica - e verso la fine degli anni 60 si è presentata l'arte povera - pop-art, il nuovo astrattismo e la transavanguardia - importanti per l'arte moderna in Europa e specialmente per quella macedone.

L'arte macedone e l'arte italiana risentono del contesto mediterraneo dove esse si formano, cosi' come Achille Bonito Oliva (Minimaglia, 1998 e 1999) sottolinea: "La linea mediterranea e cosmopolita può essere identificata come corrente nell'arte italiana dai movimenti storici dell'avanguardia fino alle loro ultime espressioni, dal futurismo alla transavanguardia, è capace di presentare la modernità senza subire l'influenza del modello nord europeo o americano".
E per l'influenza del tesoro mediterraneo sull'arte macedone del XX secolo, ho già scritto assieme ad altri colleghi macedoni.

In questa mostra vengono esposte solamente le opere di artisti macedoni – non tutti, perché alcuni non hanno permesso una loro partecipazione - che hanno studiato e vissuto in Italia, artisti che sono stati sempre attivi.
La mostra intende essere un omaggio al profilo degli artisti macedoni che hanno avuto contatti con l'ambiente artistico italiano. Tutti sono di alto livello creativo, rappresentanti di diverse espressioni e forme artistiche.

All'esibizione sono presenti con vari criteri: alcuni presentano opere create durante il loro soggiorno in Italia, per altri sono esposte creazioni del loro sviluppo post-italiano.

## SCUOLE E ACCADEMIE ITALIANE DOVE SI SONO SPECIALIZZATI ARTISTI MACEDONI

### ROMA

Dimitar Kondovski ( 1927-1993), uno dei più conosciuti creatori dell'arte macedone del XX secolo, ha studiato tutta l'arte e su queste sue conoscenze ha costruito la sua cultura visuale particolarmente invidiabile; è stato attratto dall'arte bizantina e da quelle espressioni dell'arte moderna, dove sono rappresentati impulsi astratti e spirituali, come si possono rilevare nelle creazioni dell'artista italiano Amedeo Modigliani.
Prima di andare a Roma per specializzarsi con una borsa di studio del Governo italiano, Kondovski ha dipinto motivi e figure con forme di stile geometrico, avvicinate all'arte secessionistica, simbolica e dell'estetica bizantina.
A Roma presso l'Istituto Statale dell'Arte ha studiato le tecniche del mosaico e della pittura murale. Nella "città eterna" ha perfezionato la sua conoscenza dell'arte bizantina ed orientale.
Nella sua personale del 1962 si sentì questa speciale tendenza nelle sue creazioni; l'artista sviluppò in seguito una poetica complessa dipingendo composizioni che simulavano le icone dove sono ben collegati motivi artistici di immagini sacre bizantine e modelli d'astrazione geometrica, l'arte decorativa orientale e il folclore. Queste "icone astratte" spesso ricordano le creazioni di culto, assumono aspetti simbolici e festivi. ("Piccolo trittico portale", 1978) Kondovski si è impegnato anche in creazioni monumentali.

Come borsista del Governo italiano presso l'Accademia delle Belle Arti a Roma il pittore Tanas Lulovski-Tane, durante il suo soggiorno di 5 mesi (1970-1971), è stato in contatto formale con il professor Giuseppe Montanari e l'assistente Trotti; ma in permanenza ha seguito l'attività artistica della Galleria Nazionale d'Arte Moderna.
L'atmosfera artistica della città di Roma ha ispirato Lulovski per nuove ricerche. Le sue creazioni astratte iniziate in Italia ma create soprattutto dopo il suo ritorno in Macedonia, corrispondono alla nuova astrazione analitica o minimale italiana che si collega alle implicazioni dell'arte concettuale. Le pitture esibite ("Tracce" e "Confini", 1972) di Lulovski sono create con procedure minimali e razionali: i suoi decolorati "deserti" artistici (dove lo spazio e il colore ben convivono ed esprimono) contengono discrete, a volte geometricamente precise, componenti artistiche.
La "tirchieria" visuale di queste opere si rivolge alla purezza spirituale ed alla integrità della poetica dell'arte, vicina a quella della poesia giapponese "haiqu".

Il pittore Nove Frangovski, all'inizio esponente dell'espressionismo, ha successivamente assunto – dopo averla iniziata in Italia - una tendenza verso la riduzione delle forme definite; l'artista, durante il suo soggiorno di studio presso l'Accademia delle Belle Arti a Roma (1972/1973), ha avuto contatti con il professore Montanari, che espresse anche il suo desiderio di avere Frangovski come suo assistente nell'Istituzione.
Alla sua personale a Roma (per la quale ho scritto una delle prefazioni), Frangovski ha presentato pitture dove le figure, gli oggetti e gli ambienti urbani sono stati sintetizzati in sembianze con strutture geometriche pregnanti, con colori puri in corrispondenza con chiari fondi.
Questo processo l'artista l'ha approfondito in Macedonia, dopo di che ha creato validissime opere imperialistiche negli anni novanta.
Frangovski si è indirizzato verso creazioni impulsive non figurative soffermandosi sui fatti della natura: questa tendenza ............, fu sviluppata come espressione del gesto mentre con il suo astrattismo neoespressionistico ha proposto complicati messaggi simbolici, come in "La croce" e nei due dipinti qui presentati.

Il pittore e restauratore Vano Petrov, come borsista del Ministero dei Beni Culturali italiano, per quasi 2 anni (1977-78) ha studiato e praticato le tecniche artistiche e di restauro presso l'Istituto Centrale del Restauro.
Petrov, in una maniera complessa, ha conquistato l'ambiente artistico e scolastico di Roma. Come pittore lo ha ricreato, con procedimenti accademici o con figurazione fantastica e simbolica, in pitture, disegni ed acquerelli, presentava motivi storici immaginari o di nostalgia del passato romano con l'inserimento di simboli: "Colosseo", evocazione d'un simbolico combattimento tra gladiatori e "San Cirillo a colloquio con il Papa", una memoria dell'artista d'una avvenimento del secolo IX a Roma.
Lo sviluppo successivo di Petrov è riempito con grandi imprese nella pittura monumentale (come negli affreschi nella Cattedrale dei Santi Cirillo e Metodio a Skopje, esibite alla fine degli anni ottanta del secolo scorso).

Violeta Caule ha studiato in due grandi centri Parigi e Roma. All'inizio creava opere espressive e drammatiche in composizioni irrealistiche e metaforiche. Ha presentato questo tipo di pittura alla mostra personale a Firenze (Galleria Parrione, 1976), vuol dire verso la fine degli studi a Roma (1975-76), presso l'Accademia delle Belle Arti (Prof.. Franco Gentilini).
